**20190470742**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

Врз основа на член 249 став (4) од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16, 142/16 и 233/18), министерот за правда донесе

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ПРОГРАМАТА И НАЧИНОТ НА ОРГАНИЗИРАЊЕТО И ПОЛАГАЊЕТО НА ИСПИТОТ ЗА ИЗВРШИТЕЛИ И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА УВЕРЕНИЕТО ЗА ПОЛОЖЕН ИСПИТ ЗА ИЗВРШИТЕЛИ

Член 1

Во Правилникот за програмата и начинот на организирањето и полагањето на испитот за извршители и формата и содржината на уверението за положен испит за извршители („Службен весник на Република Македонија“ бр. 33/19), членот 3 се менува и гласи :

„(1) Испитот за извршители се полага во: априлска, јунска, септемвриска и декемвриска испитна сесија.

(2) Времето и местото на одржување на испитот се објавува на веб-страницата на Министерството за правда.

(3) Пријавувањето за испитот е од први до петнаесетти во месецот кој претходи на месецот од испитната сесија.“

Член 2

Во член 4 во ставот (1) зборовите „ или електронска“ се бришат.

Член 3

Во член 8 ставот (3) се менува и гласи:

„(3) На испитот се поставуваат по пет прашања од секоја област.“

Член 4

Членот 9 се менува и гласи:

„(1) Максималниот број на поени кој кандидатот може да го освои на усниот дел од испитот изнесува 100 поени.

(2) Секоја област која се полага носи максимално по 25 поени, од кои што секое прашање носи максимум по пет поени.

(3) За успешно положен устен дел од испитот неопходно е да се освојат најмалку 20 поени од секоја поединечна област.

(4) Се смета дека кандидатот успешно го положил усниот дел од испитот ако освоил најмалку 80 поени.

(5) Доколку кандидатот само на една област освои помалку од 20 поени, има право на поправен испит во истата испитна сесија.“

Член 5

Членот 16 се менува и гласи:

„Кандидатите кои го положиле испитот се евидентираат во евиденцијата при Министерството за правда во која се внесуваат податоци за кандидатот од пријавата за полагање, име, татково име и презиме, датум и место на раѓање, ЕМБГ, датум и факултет

на дипломирање, датумот на полагање писмен и устен дел од испитот, бројот на поените со кој кандидатот го положил испитот и забелешка, по што претседателот и секретарот на испитната комисија се потпишуваат.“

Член 6

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 0-1288/2
27 февруари 2019 година
Скопје

Министер за правда,
д - р **Рената Дескоска**, с.р.